АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 09.02.2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 971 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизиски програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 1, 2 и 3 февруари 2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 9 февруари 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите).

6. **Претходно изречена мерка:**

   Нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО Скопје, емитуван на 1, 2 и 3 февруари 2015 година, е констатирано дека радиодифузерот, во анимираниот филм "Том и Џери" (Tom and Jerry), емитуван на 2 и 3 февруари 2015 година, не обезбедил превод на албански или на македонски јазик, на кои според дозволата го емитува програмскиот сервис, односно го прекршил **член 64 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (програмите на странски јазици или деловите од нив што се емитуваат на програмите на радиодифузерите треба да бидат преведени на македонски јазик, односно на јазикот на заедницата што не е во мнозинство).

| Наслов на емисија | Период на емитување | | Опис |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| Анимиран филм „Том и Џери“ (Tom and Jerry) – 2 февруари 2015 година (понеделник) | 14:47:35<br>14:55:58 | 14:55:46<br>15:04:54 | Во анимираниот филм *“Том и Џери” (Tom and Jerry)* не е обезбеден превод на албански јазик или на македонски јазик. |
| Анимиран филм „Том и Џери“ (Tom and Jerry) – 3 февруари 2015 година (вторник) | 14:49:39<br>14:58:01 | 14:57:48<br>15:06:58 | |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 64 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО Скопје, на 2 и 3 февруари 2015 година, во анимираниот филм *“Том и Џери” (Tom and Jerry),* не е обезбеден превод на албански или на македонски јазик.

9. **Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО Скопје; и
- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***